УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS"-SKOPJE

UDC 63 (058) ISSN 0351-9112

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
## НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ

# YEARBOOK
## OF THE FACULTY OF AGRICULTURE

ГОДИНА 47 VOLUME

СКОПЈЕ-SKOPJE

2002

UDC 636.5:330

# СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЖИВИНСКО МЕСО И КУПОВНАТА МОЌ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Филев К., Димитриевски Д., Ѓорговска Наташа***

## КРАТОК ИЗВАДОК

Од истражувањето на дневниотприход на популацијата во Македонија беше добиено дека: -првата група (10%) има приход од плус 22 евра на жител/дневно; втората група (10%) има 8 евра на жител/дневно; третата група (20%) има 4 евра на жител/дневно; четвртата група (35%) има 2 евра на жител/дневно; петтата група (25%) има 1 евро на жител/дневно.

Потрошувачката на пилешко месо било зависно од дневниот приход. Потрошувачката на првата група бил 22 kg/жител/годишно; втората група 14 kg/жител/годишно; третата група 8 кг/жител/годишно; четвртата група 3 kg/жител/годишно; петтата група 1 kg/жител/годишно.

Поделбата на нашите граѓани во пет групи е ново настанната ситуација, бидејќи културниот и имотниот статус на луѓето е вештачки добиен

Во Македонија има услови за производство на бројлерско месо, бидејќи постои инфраструктура.

# STATE AND PERSPECTIVES OF POULTRY MEAT PRODUCTION AND BYING CAPABILITY OF CONSUMERS IN R.MACEDONIA

**Filev K., Dimitrievski D., Gjorgovska Natasha****

* д-р Кирил Филев, редовен професор, Земјоделски факултет-Скопје
д-р Драги Димитриевски, доцент, Земјоделски факултет-Скопје
дипл. инж. Наташа Ѓорговска, ЈНУ Институт за сточарство-Скопје

** D-r Kiril Filev, Ph.D. Professor, Faculty of Agriculture-Skopje, D-r Dragi Dimitrievski, Ph.D, Faculty of Agriculture-Skopje, Natasha Gjorgovska, B.Sc., PSI Institute of Animal Science-Skopje

## SUMMARY

An investigation of daily income of the population of Macedonia was done and it was found that: - first group (10%) has an income of plus 22 euro per person/ day; second group (10%) has income of 8 euro per person/day; third group (20%) has income of 4 euro per person/day; fourth group (35%) has income of 2 euro per person/day; and fifth group (25%) has income of 1 euro per person/day.

The consummation of poultry meat was depending of daily income. The consummation of $1^{st}$ group was 22kg/person/year, $2^{nd}$ group 14 kg/person/year, $3^{rd}$ group 8 kg /person/ year, $4^{th}$ group 3 kg/ person/ year and $5^{th}$ group 1kg/person/year.

The dividing of our citizens on 5 groups is new born situation because the cultural and possessive status of the people is artificially produced.

The production of broiler meat in Macedonia is very possible because the infrastructure already exists.


## ВОВЕД

Нашироко е познат фактот дека во нашата земја не се произведува бројлерско месо. Тоа производство е замрено, замрзнато, угушено и покрај постоењето на основните инфраструктурни објекти како што се: - родителска фарма со капацитет од 10 милиони еднодневни пилиња; големи бројлерски фарми со капацитет од 5 милиони пилиња и можности во земјоделските семејства кои треба да се развијат. Покрај тоа, во нашата земја постојат капацитети за производство на добиточна храна (300 000 тони/година) како и две мали живински кланици (Пилко и Неготино).

Во Р.Македонија, постои пазар за живинско месо и се смета дека неговиот обем изнесува околу 20 000 тони годишно. Потрошувачката на такво месо на жител се движи меѓу 7 и 10 kg годишно, а вкупната потрошувачка изнесува од 16 до 20 илјади тони. Меѓутоа, домашното производство тешко се развива, тоа се покренува неколку пати и пак застанува, иако добиените производи се одликуваат со добар квалитет и стекнуваат рејтинг кај потрошувачите.

Поради тоа, поставена е задача да се опише можноста за домашна потрошувачка на живинско месо како и да се спореди со трендовите на глобалниот пазар за да се оформи визија за иднината на производството на тоа месо.

## ПРОИЗВОДСТВО И УВОЗ НА ЖИВИНСКО МЕСО

Податоци за производство, увоз и консумација на живинското месо во Р. Македонија се изнесени во Табела 1.

Таб. 1. - Производство и увоз на живинско месо
Table 1. - Production and import of poltry meat

| Година<br>Year | Број на живина<br>Number of birds | | Живинско месо, тони<br>Poultry meat, tones | | Увоз на живинско месо, тони<br>Import of poultry meat, tones | Вредност на увезено месо, US $ 000<br>Value of importedmeat US$ 000 | Консумација год/жител во kg<br>Consumation per year/capita in kg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | od farmi 000<br>From the farms 000 | Vkupno 000<br>Total 000 | Vkupen prirast<br>Total gain | Proizv. meso<br>Produced meat | | | |
| 1997 | 1121 | 3274 | 7710 | 3343 | 11445 | 15102 | 6.5 |
| 1998 | 1108 | 3338 | 6725 | 3132 | 16440 | 17170 | 6.4 |
| 1999 | 977 | 3223 | 7620 | 3754 | 19469 | 15097 | 7.8 |
| 2000 | 1744 | 3713 | 9960 | 4840 | 18756 | 15799 | 7.7 |
| 2001 | 831 | 2749 | 5502 | 4702 | 16992 | 15780 | 7.7 |

Живинското месо, означено како произведено, е резултат на неконтролираното колење на живина во селските домаќинства, старата јајценосна живина која се продава во живо и во последно време, 200-300 тони месо произведено од "Пилко". Во 2001 година е увезено околу 16.9 илјади тони живинско месо, а консумацијата за таа година изнесува 7.7 kg на жител.

Треба да се напомене дека дел од увезеното и произведено месо во нашата земја се употребува и за производство на разни преработки, дел се извезува (живи кокошки или месо), а освен тоа одредено количество се троши и во летната туристичка сезона. Поради тоа, вкупната потрошувачка во нашата земја годишно изнесува околу 20 000 тони.

Потрошувачката на девизни средства за таа намена изнесува 15780000 долари во 2001 година, што претставува значајна сума за земјата и за развојот на таа гранка.

Овде треба да се одбележи дека потрошувачката на живинско месо на жител годишно (2001) е ниска (7.7 kg), што не е нормално за население на земја во развој, во која ниту другите видови на месо не се произведуваат во доволно количество, а цените на тие видови месо се недостапни за сиромашното население.

Одговорот на тоа прашање ќе се побара во материјалната моќ на купувачите.

**Таб. 2. - Поделба на населението според висината на дневните примања и нивна поврзаност со консумацијата на живинско месо**
Table 2. -Division of the population according to daily incomes and the relation with poultry meat consumation

| Категорија на население<br>Category of population | Дневен приход на жител (евра)<br>Daily income per citizen (euros) | Годишна консумација на живинско месо kg/човек<br>Yearly consumation of poultry meat kg/person | Број на жители<br>Number of citizens | | Вкупно консумација на месо, kg<br>Total consumation of meat, kg |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Застапеност,%<br>Structure, % | Број 000<br>Number 000 | |
| 5 | < 1 | 1 | 25 | 525 | 525 000 |
| 4 | 2 | 3 | 35 | 735 | 2 205 000 |
| 3 | 4 | 8 | 20 | 420 | 3 360 000 |
| 2 | 8 | 14 | 10 | 210 | 2 940 000 |
| 1 | > 21.7 | 22 | 10 | 210 | 4 620 000 |
| **Вкупно Total** | | | | | 13 650 000 |

Од графичкиот приказ на резултатите утврдени кај нас и споредени со оние на глобално ниво (Графикон 1), може да се забележат слични трендови во нашиот неоформен пазарен систем. Потрошувачката на живинско месо, споредено со дневните примања кај нас е повисока, што претставува резултат на културното ниво и техничката оспособеност на нашите домаќинства во споредба со домаќинствата со слични дневни примања во Латинска Америка, Далечниот Исток и Африка.




Daily income per capita, $

| | На глобално ниво - Global | | | | | Р.Македонија - R.Macedonia | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на население Category of citizens | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| Население % Population % | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 25 | 35 | 20 | 10 | 10 |

Графикон 1. - Просечен дневен приход во долари (евра) и консумација на живинско месо на жител годишно, на глобално ниво и во Македонија
Grafikon 1. - Average daily income in dolars (euros) and consumation of poultry meat per citizen yearly, on global stage and in Macedonia

## ИДНИНА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЖИВИНСКО МЕСО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од анализата на материјалната моќ (дневни примања) на купувачите во нашата земја (Графикон 1), може да се види дека нашето население е сиромашно бидејќи 80% припаѓа на групите од 5, 4 и 3 категорија, дури и нашите потрошувачи од групата 2, според светски критериуми, е сиромашна. Во глобални размери, таквото население зазема 60%. Според критериумите опишани од П.Ахо (2002) населенитето од петтата група е хронично ненахрането, живее во голема сиромаштија и мизерија, тоа е невидливо, недопирливо во Азија или изолирано во сиромашните племиња во Африка. Тие целиот свој живот го минуваат без употреба на автомобил, телефон, фрижидер. Сепак, тоа население за капиталистичките производители претставува пазар бидејќи троши по 1 kg живинско месо на жител годишно иако не е во состојба да го купи или произведе. Ова месо тие го добиваат како помош заради спречување на гладувањето во тие реони преку агенциите за помош. Агенциите го плаќаат месото. Тоа мора да биде преработено во стабилен производ бидејќи сурово месо не може да се донесе ниту да се чува без разладувачка техника (ладилници).

Населението од четврта и трета група чии дневни примања изнесуваат 2, односно 8 долари на човек, консумираат по 3, односно 8 kg живинско месо годишно. Тие се во состојба да си го платат своето месо. Цената на месото за тоа население е шокантно висока бидејќи изнесува по 2 долари/kg, особено поради тоа што месото го купуваат живо или свежо евисцерирано на влажниот пазар. Таквата состојба, пак е резултат на недостатокот на разладни уреди во сиромашните семејства во Кина,

За да се опстане на светскиот пазар, каде што сме и ние членка , потребно е да се настапува интегрирано (вертикално интегриран комплекс), да се биде ангажиран во многубројните стратешки алијанси, во заеднички вложувања со разни земји, да се има кноњ хоњ договори низ светот, брзо да се реагира, а одлуки да се донесуваат за не повеќе од две нивоа на одлучување. Потоа, менаџерите да бараат потенцијални бизнис можности, на разни места во светот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на направените анализи, за состојабата на производството на живинско месо во нашата земја, статистичките податоци и извршената анкета на населението, може да се донесат следниве заклучоци:

1. Населението во Р. Македонија е поделено на пет асиметрични имотни групи, добиени како резултат на трансформацијата на општествениот капитал во приватен и тоа: група 1, богато население со дневни примања над 22 евра на жител, кое зафаќа 10% од вкупниот број жители; група 2, која е сочинета од 10% од населението со дневни примања од 8 евра на човек; група 3, сочинета од 20% од населението, со дневен приход од 4 евра на човек; група 4, сочинета од 35% од населението со дневен приход од 2 евра на човек и група 5, составена од 25% од населението со дневни примања од 1 евро на човек.
2. Консумацијата на живинско месо, годишно на жител, е директно зависна од дневните приходи и изнесува: 22 kg кај група 1; 14 kg кај група 2; 8 kg кај група 3; 3 kg кај група 4 и 1kg кај група 5. Сличен тренд има и консумацијата на живиснско месо кај жителите на глобално ниво.
3. Поделбата на консуматорите во пет групи во нашата земја е вештачки предизвикана и поради тоа културното ниво и имотниот статус на сиромашното население од 5, 4 и 3 група се различни од онаа во светски размери.
4. Производството на живинско месо неопходно е да се развие во нашата земја, бидејќи веќе постои поголем дел од инфраструктурата за таа намена. Доофрмувањето на овој систем мора да се поддржи од државата.
5. Во иднина, интегрираното бројлерско производство од нашата земја може да се такмичи и на светскиот пазар.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Aho P. 2002: Future developments in the production and trade of poultry meat. Poultry international. 41/13, p. 10-20.
2. Erans T. 2002: EU expansion poses poultrymeat problems. Poultry international. 41/12. p.36-41.
3. Филев К. 2003: Развој на аграрното стопанство во услови на трансформација. (необјавено)
4. Статистички годишник на Р. Македонија, стр.16-33. 2002